РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се врши **намалување** на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 0,64**%** во однос на одлуката од 15.09.2022 година.

**Малопродажната цена на Екстра лесното масло за домаќинство на (ЕЛ-1) се намалува за 3,00 ден/лит.**

Малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98, на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Мазутот М-1 НС не се менуваат.

**Од 17.9.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **84,50 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **87,00 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **95,00 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **90,50 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **51,473 (денари/килограм)** |

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат зголемување во просек: кај бензините за 1,905%, кај дизелот намалување за 2,001%, кај екстра лесното масло намалување за 3,383% и кај мазутот намалување за 0,870%.

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка е **понизок за 0,213%.**

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 17.9.2022 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

16.9.2022


ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk